Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
AGJENCIA E ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 02-565/10
02.09 2026 год.
Скопје

Врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25) и Одлуката за расходување на матријални основни средства во Агенцијата за администрација број 02-565/7 од 19.06.2026 година, Агенцијата за администрација објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад

Критериум за избор на правно лице е рокот за преземање на движните ствари предмет на јавниот повик.

Преземањето на движните ствари е без надомест.

Избраното правно лице на јавниот повик има обврска да изврши преземање на движните ствари кои се предмет на јавниот повик и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно законските прописи.

**Движните ствари кои се предмет на јавниот повик се детално опишани во Предлог листа за расход на материјални основни седства со пописот на ден 31.12.2025 година и истите се наоѓаат во просториите на Агенцијата за администрација на следната локација: ул. „Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје.**

Право на учество на јавниот повик имаат сите домашни правни лица, кои поседуваат важечка Дозвола за собирање и/или транспортирање преработка и рециклирање и уништување на отпад, издадена од надлежен орган.

**Лице за контакт во врска со јавниот повик:** Агрон Сефери, телефон за контакт: +389 2 3094 201, електронска адреса: a.seferi@aa.mk или Неда Даниловска, телефон за контакт: +389 2 3094 231, електронска адреса: n.danilovska@aa.mk

Подетални информации за движните ствари (листа на движни ствари), како и потребна документација во врска со јавниот повик може да се подигне лично во просториите на Агенцијата за администрација, ул. „Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје (лоцирана во зградата на Министерството за економија и труд) или електронски, објавена на веб страната на Агенцијата за администрација на следниот линк

**Инструкции по јавен повик (link)**

**Краен рок за доставување на пријавите за учество е 07.09.2026 година до 15:00 часот.**

**Комисија за расходување на материјални основни средства во Агенцијата за администрација**
**Претседател,**
**Агрон Сефери**